РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-516/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2658/1 од 10.10.2024 година, оформен по пријава со наводи против Училишниот одбор на ООУ „-------" – Неготино и против лицето ----------, Градоначалник на Општина --------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапил друг надлежн орган и утврди дека во случајот се работи за променета фактичка состојба.

Предметот со број 12-2658/1 од 10.10.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 10.10.2024 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава во која се содржани наводи за сомневање за незаконитости во работењето на Училишниот одбор на ООУ „------" – ------ и лицето -------, во својство на Градоначалник на ------- и оформен е предмет број 12-2658/1 од 10.10.2024 година.

Се посочува на несоодветно постапување при донесувањето на Решението за разрешување на --------, поранешен директор на ООУ „--------" – ------- и именување на ------- за вршител на должноста директор на истото училиште, како и не донесување одлука од страна на Градоначалникот и Училишниот одбор на училиштето за распишување на Јавен оглас за избор на директор.

Во насока на проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за прибирање на податоци информации до Државниот просветен инспекторат, од каде беше доставено Известување со два Записници за преземени дејствија, со бр.------ од 04.11.2024 и бр.----- од 15.10.2025 година.

По извршениот инспекциски надзор, инспекторатот ја утврдил следната фактичка состојба:
Постапувајќи по претходно доставена претставка од група на подносители против истото училиште за неправилности во работењето на директорот на училиштето и училишниот одбор од страна на Државниот просветен инспекторат бил извршен вонреден инспекциски надзор на ООУ „---------" – -------, за што бил изготвен Записник бр.----- од 04.11.2024 година, кој е доставен во прилог.
Видно од Записникот бр.------ од 04.11.2024 година, при извршениот вонреден надзор, од страна на државниот просветен инспектор е констатирана повреда на законските одредби од страна на Градоначалникот на Општина -------- и училишниот одбор на ООУ „-------" – --------, од причина што не била донесена одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор, односно било констатирано дека Градоначалникот не постапил согласно член 115 став 3, член 118 став 2 од Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019, 229/2020) и дека училишниот одбор не постапил согласно член 115 став 4 и став 5 и член 118 став 2 од истиот Закон.

Во член 115 став 3 и 4 од Законот за основно образование е уредено:
„(3) Градоначалникот, односно министерот, три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас за избор на директор.
(4) Ако градоначалникот, односно министерот, не постапи во рокот утврден во ставот (3) од овој член, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор."

Согласно на член 118 став 2 од истиот Закон:
„(2) Градоначалникот, односно министерот во рок од пет дена од денот на именување на вршител на должноста на директор донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор."

По констатираните законски повреди, Државниот просветен инспектор ги известил Градоначалникот на општина ------- и Училишниот одбор при ООУ „-----------“ – --------, со укажување да ги отстранат наведените неправилности и да ги почитуваат законските надлежности.

Заради доставеното Барање од ДКСК, во врска со истите наводи, повторно бил извршен вонреден инспекциски надзор во истото училиште, за што бил изготвен Записник бр.------ од 15.10.2025 година, кој е доставен во прилог.
Видно од Записникот бр.----- од 15.10.2025 година е дека при извршениот вонреден надзор, од страна на државниот просветен инспектор е констатирано дека Училишниот одбор и Градоначалникот постапиле по горенаведените претходно дадени укажувања.
Односно, Училишниот одбор доставил Барање до Градоначалникот на Општина ------- за распишување на јавен оглас за избор на директор на ООУ „-------“ – ------, а по кои Барање, Градоначалникот донел Одлука бр.------ од 07.04.2025 година за распишување на јавен оглас за избор на директор на ООУ „--------“ – -------.
По донесувањето на наведената Одлука, Училишниот одбор на седница одржана на 09.04.2025 година, објавил јавен Оглас за избор на директор на ООУ „--------“ – -----------. Огласот бил објавен во три дневни весници и била формирана Комисија за прием и преглед на пристигнатите пријави од кандидати за распишаниот јавен оглас за директор на наведеното училиште.
На јавниот оглас бил пријавен само еден (1) кандидат и тоа лицето --------. Од увидот во досието на пријавената кандидатка, Државниот просветен инспекторат констатирал дека истата ги исполнува условите за директор. По извршеното интервју со кандидатот, бил составен Записник и Одлука за предлог кандидат ------- за директор на ООУ „-------“ – --------, по што Градоначалникот на Општина -------, донел Решение со бр.------ од 29.04.2025 година, за избор на директор ------- во ООУ „--------“ – --------.

Врз основа на ова, инспекторот констатирал дека Училишниот одбор постапил согласно законските одредби од член 108 од Законот за основно образование, како и дека Градоначалникот постапил согласно член 115 од истиот Закон, односно дека, односно дека во рок од десет (10) дена од денот на добивањето на предлогот Градоначанликот го именувал предложениот кандидат за директор на наведеното основно училиште.
Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по предметот – за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган

Државниот просветен инспекторат и дека во конкретниот случај се работи за променета фактичка состојба.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата